**ПРЕЛИМИНАРЕН ИЗВЕШТАЈ**
**за сериозен инцидент**
на тандем параглајдер
кој се случи на ден 26.04.2026 година во Охрид
**KINSIV SINCID 001/2026**

Скопје, 26.05.2026 година

# ПРЕЛИМИНАРЕН ИЗВЕШТАЈ

| А. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ | |
|---|---|
| | |
| Датум на настанот: | 26.04.2025 |
| Време на настанот: | Пладневни часови |
| Локација на настанот: | Во близина на Езерската полиција во Охрид |
| Тип на воздухоплов: | Параглајдер |
| Регистарска ознака: | N/A |
| Оператор на воздухопловот: | Физичко лице |
| Сопственик на воздухопловот: | Физичко лице |
| Лица во воздухопловот: | Еден пилот и еден патник |

## Б. ОПИС НА НЕСРЕЌАТА/СЕРИОЗНИОТ ИНЦИДЕНТ

На критичниот ден, во пладневните часови се случи сериозен инцидент каде што тандем параглајдер со патник во фаза на слетување удри во улично осветлување во близина на полициската станица на езерската полиција во Охрид. Пилотот на параглајдерот веднаш го напуштил местото на настанот. Информацијата за настанот надлежните воздухопловни институции ја добија преку интернет каде што случаен минувач успеал да го сними слетувањето и истиот го објавил на интернет.

Комитетот за истрага на воздухопловни несреќи и сериозни инциденти во соработка со Агенцијата за цивилно воздухопловство дојде до информација кој е пилотот и истиот е повикан да даде интервју во просториите на КИНСИВ.

Според прелиминарните податоци, нема оштетувања на леталото и нема повреди на пилотот и патникот.

Во понатамошниот тек на истрагата, со прибирање и анализа на сите релевантни податоци и информации ќе се утврдува причината, како и факторите кои доведоа до овој настан. Резултатите од истрагата, како и можните безбедносни препораки, ќе бидат објавени во Конечниот извештај, кој ќе биде објавен на веб-страницата на КИНСИВ по завршување на истрагата.

## В. ФАКТИЧКИ ИНФОРМАЦИИ

### ИСТОРИЈА НА ЛЕТОТ

| | |
|---|---|
| Тип на операција: | Тандем лет со параглајдер |
| Тип на оператор: | Физичко лице |
| Место на последно полетување: | Т038 (Терен одобрен од АЦВ) |
| Планирана дестинација: | Зелена површина до локалот Куба Либре во Охрид |

### ПОВРЕДЕНИ

| | **Смртни случаи** | **Сериозни повреди** | **Лесни повреди** | **Без повреди** |
|---|---|---|---|---|
| Посада: | 0 | 0 | 0 | 1 |
| Патници: | 0 | 0 | 0 | 1 |
| Трети лица: | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно: | 0 | 0 | 0 | 2 |

### ОШТЕТУВАЊЕ НА ВОЗДУХОПЛОВОТ

| уништен | значително оштетување | мало оштетување | без оштетување | непознато |
|---|---|---|---|---|
| ☐ | ☐ | ☐ | ☒ | ☐ |

**Опис: /**

### ДРУГА ПРИЧИНЕТА ШТЕТА

Комплетно уништена канделабра од улично осветлување.

### МЕТЕОРОЛОШКИ ПОДАТОЦИ

| | | | |
|---|---|---|---|
| Метеоролошки услови: | **VMC** ☒ | **IMC** ☐ | **Непознато** ☐ |
| Податоци за временска прогноза пред летот: | **ДА** ☐ | **НЕ** ☐ | **Непознато** ☒ |
| Време од денот: | Ден | | |

| ПОДАТОЦИ ЗА ПИЛОТОТ |
|---|
| Согласно даденото интервју и евиденцијата на КИНСИВ, пилотот е Македонски државјанин и е искусен пилот на параглајдери кој активно лета и учествувал на голем број на домашни и меѓународни параглајдерски натпревари. |

| ПОДАТОЦИ ЗА ПАРАГЛАЈДЕРОТ | |
|---|---|
| | |
| **ОПШТИ ПОДАТОЦИ** | |
| Производител: | Bruce Goldsmith Design |
| Тип: | Dual 2 |

| Г. БЕЗБЕДНОСНИ ПРЕПОРАКИ |
|---|
| Конечниот извештај ќе биде објавен по завршувањето на истрагата. Доколку се утврди критично безбедносно прашање во текот на истрагата, КИНСИВ веднаш ќе ги извести релевантните страни, за да може да се преземат соодветни безбедносни мерки. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Архивски број: | 06-69/3 | Потпис: | **Марјан Прпоски**<br>Главен истражител (IIC) |
| Датум: | 26.05.2026 | | |